РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

# ПРАВИЛНИК
## ЗА СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА ТРОШКОВНИКОТ ЗА ОБЕМОТ НА ИЗВРШЕНАТА РАБОТА ОД АДВОКАТ

Скопје, мај 2010 година

Врз основа на член 36 став (5) од Законот за бесплатна правна помош („Службен весник на Република Македонија“ бр. 161/09), министерот за правда донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА ТРОШКОВНИКОТ ЗА ОБЕМОТ НА ИЗВРШЕНАТА РАБОТА ОД АДВОКАТ

## Член 1

Со овој правилник се пропишува содржината на образецот на трошковникот за обемот на извршената работа од адвокат.

## Член 2

Трошковникот за обемот на извршената работа од адвокат се поднесува на Образец кој содржи: име и презиме на адвокатот( седиште, општина), број и датум на решение со кое е запишан во регистарот на адвокати за давање на правна помош, број и датум на решението со кое е определен да дава правна помош, име и презиме на подносителот на барањето за добивање на правна помош, датум на отпочнување и завршување на правната работа, вид на дадена правна помош(застапување во судска постапка, застапување во управна постапка, составување на писмена во судски и управни постапки), превземени дејствија, износ за извршената работа согласно адвокатската тарифа, износ намален за 30%, датум и место,место за печат и потпис на адвокатот.

## Член 3

Образецот на трошковникот за обемот на извршената работа од адвокат е даден во Прилог и е составен дел на овој правилник.

## Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

Број 01-1927/1
07.05. 2010 година
С к о п ј е

МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА,
Михајло Маневски

Образец

# Т Р О Ш К О В Н И К
# ЗА ОБЕМОТ НА ИЗВРШЕНАТА РАБОТА ОД АДВОКАТ

| | | |
|---|---|---|
| Име и презиме на адвокатот (седиште,општина) | | |
| Број и датум на решение со кое е запишан во регистарот на адвокати за давање на правна помош | | |
| Број и датум на решение со кое е определен да дава правна помош | | |
| Име и презиме на подносителот на барањето за добивање на правна помош | | |
| Датум на отпочнување и завршување на правната работа | | |
| Вид на дадена правна помош | а) застапување во судска постапка | |
| | б) застапување во управна постапка | |
| | в) составување на писмена во судски и управни постапки | |
| Превземени дејствија | Износ за извршената работа согласно адвокатската тарифа | Износ намален за 30% |
| | | |

Датум и место М.П. Адвокат

__________________________

___________________________________

(потпис)